ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 11067/2***
***04.06.2009 година***
***С к о п ј е***

## *ЗАПИСНИК*
## *од LIV -та седница на Управниот одбор на*
## *Фондот за здравствено осигурување на Македонија,*

*одржана на 04.06.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ (делумно присутен);*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, директор на секторот за управување со човечки ресурси;*
- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

*Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни сите членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LII -та седница на Управниот одбор одржана на 22.04.2009 година*
- *Усвојување на записникот од LIII -та седница на Управниот одбор одржана на 30.04.2009 година*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Корекција на договорените надоместоци на јавните здравствени установи врз основа на реализираниот вид и обем во првиот квартал на 2009 година;*
4. *Месечен извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на јавните здравствени установи за месец април 2009 година;*
5. *Анализа на долговите на јавните здравствени установи за периодот јануари-април 2009 година;*
6. *Барања од областа на работните односи;*
7. *Барање од Македонски Авиотранспорт за одложување на извршувањето;*
8. *Разно.*

*Потоа побара Управниот одбор да расправа и за барањата од приватни здравствени установи со болничка дејност за склучување на договор со Фондот и определување на буџет како и за барањето од Клиничката болница Тетово за зголемување на буџетскиот плафон. Освен тоа, пристигнато е и писмо од Лекарската комора на Македонија кое исто така би требало да се разгледа. Праша и дали има други предлози за проширување на дневниот ред.*

*Директорот Тренкоски побара на дневниот ред да бидат и следните точки:*

- *Овластување на подрачните служби за водење на постапки за наплата на неплатен придонес за здравствено осигурување;*
- *Здравствени установи кои го промениле седиштето;*

*Побара и во рамките на точката разно, да се разгледаат:*

- *Барањето од ЈЗУ Здравствен дом Радовиш за користење на возило „Застава Југо Скала 55“, сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

- *Барањето од Друштвото за занаетчиски работи во градежништвото „Занаетчиски погон I“ во стечај;*
- *Барањето од Општина Бутел за утврдување на селото Љубанци како оддалечено рурално место;*
- *Овозможување на јавните претпријатија чиј долг за неплатен придонес за здравствено осигурување е утврден во извршна исправа, истиот да го платат на рати;*

*Членовите на Управниот одбор ги прифатија предлозите, по што едногласно го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LII -та седница на Управниот одбор одржана на 22.04.2009 година*
- *Усвојување на записникот од LIII -та седница на Управниот одбор одржана на 30.04.2009 година*

1. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обвврските од задолжителното здравствено осигурување;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
3. *Корекција на договорените надоместоци на јавните здравствени установи врз основа на реализираниот вид и обем во првиот квартал на 2009 година;*
4. *Барање од Клиничката болница Тетово;*
5. *Месечен извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на јавните здравствени установи за месец април 2009 година;*
6. *Анализа на долговите на јавните здравствени установи за периодот јануари-април 2009 година;*
7. *Барања од областа на работните односи;*
8. *Барање од Македонски Авиотранспорт за одложување на извршувањето;*
9. *Барања на договор и буџети од приватни здравствени установи со болничка дејност;*
10. *Овластување на подрачните служби за водење на постапки за наплата на неплатен придонес за здравствено осигурување;*
11. *Здравствени установи кои го промениле седиштето;*
12. *Разно.*

*12.1 Барање од ЈЗУ Здравствен дом Радовиш за користење на возило „Застава Југо Скала 55“, сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*

*12.2 Барање од Друштвото за занаетчиски работи во градежништвото „Занаетчиски погон I“ во стечај;*

*12.3 Барање од Општина Бутел за утврдување на селото Љубанци како оддалечено рурално место;*

*12.4 Овозможување на јавните претпријатија чиј долг за неплатен придонес за здравствено осигурување е утврден во извршна исправа, истиот да го платат на рати;*
*12.5 Писмо од Лекарската комора на Македонија*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LII -та седница на Управниот одбор одржана на 22.04.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LII -та седница на Управниот одбор одржана на 22.04.2009 година.*

- *Усвојување на записникот од LIII -та седница на Управниот одбор одржана на 30.04.2009 година*

*Фисник Ибраими укажа дека во записникот од LIII -та седница е пропуштено да се внесе дискусијата во врска со барањето на средства од Републичкиот завод за здравствена заштита, која треба да гласи:*

*„Потоа Фисник Ибраими ги запозна членовите на Управниот одбор дека од Републичкиот завод за здравствена заштита е пристигнато барање за зголемување на буџетскиот плафон поради актуелната состојба во светот со појавата и ширењето на новиот мексикански грип (свински грип), поради кој согласно препораките на Светската здравствена организација за следење и дијагностика на овој вирус е потребно да се вршат дополнителни тестови за негово присуство. Во барањето се наведува дека лабораторијата за вирусологија на Републичкиот завод за здравствена заштита е единствена референтна лабораторија за дијагностика на грип во земјата па можната пандемија на овој вирус налага потреба од поголем број на тестови“.*

*Во врска со таа дискусија треба да се додаде и донесениот заклучок кој гласи:*

*„Поради потребата од вршење на зголемен број на тестови за присуство на вирусот на мексиканскиот - свински грип, да се изврши зголемување на буџетскиот плафон буџетскиот плафон на Републичкиот завод за здравствена заштита“*

*Откако и останатите членови се согласија дека треба да се внесат овие корекции, Управниот одбор едногласно одлучи по внесувањето на корекцијата да се усвои записникот од од LIII -та седница на Управниот одбор одржана на 30.04.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека со измените на Законот за здравственото осигурување и Законот за придонесите од задолжителното социјално осигурување се овозможи и лица кои не се осигурени по ниту еден основ да добијат здравствена заштита. Заради спроведување на одредбите на законот*

*потребно е со подзаконски акт - правилник, да се уреди начинот на остварувањето на правото на здравствена заштита.*

*Директорот Јелникар дополни дека за спроведување на законските измени се направени усогласувања со Агенцијата за вработување и дека средствата за невработените лица кои досега беа уплаќани од Агенцијата, отсега директно ќе се уплаќаат кај Фондот.*

*Лазар Трајчев потоа продолжи образложувајќи го текстот на предложениот правилник. Наведе дека статусот на новите осигуреници треба да биде повремено проверуван. Од таа причина е утврден и временски ритам од 9 месеци во кој тие ќе треба да се пријавуваат во подрачните служби. Додаде и дека пренесувањето на осигурениците од Агенцијата во Фондот ќе се изврши веднаш, по што во Агенцијата ќе останат само оние лица кои бараат работа а во Фондот ќе се евидентираат лицата кои се заинтересирани само за добивање на здравствена заштита односно потврди за платен придонес - сини картони.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша дали со пренесувањето на значителни обврски од Агенцијата на Фондот, во Агенцијата нема да останат значителни кадровски и материјални ресурси слободни. Од друга страна дали Фондот ќе може да одговори на обврските со постоечките ресурси. Во таа смисла предложи и да се побара вработените, просторот и средствата кои биле во функција на осигурениците што треба да преминат во надлежност на Фондот да преминат во Фондот.*

*Останатите членови на Управниот одбор го прифатија предлогот, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*да се упати барање до Агенцијата за вработување на Република Македонија, за пренесување на просторни и кадровски капацитети од Агенцијата на Фондот заради ефикасно постапување во согласност со измените на Законот за здравственото осигурување.*

*Потоа едногласно донесе и*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*со кој се уредува начинот на остварувањето на правото на здравствена заштита на лицата кои не се осигурени по ниту еден основ.*

***ТОЧКА 2 -*** *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лазар Трајчев објасни дека измената на овој правилник е предложена заради усогласување со Законот за здравственото осигурување каде е утврдено дека избраниот лекар може да утврди привремена спреченост за работа најмногу до 15 дена. Претходно избраниот лекар можеше да утврди привремена спреченост за работа најмногу до 7 дена. Оценка за спреченоста за работа по петнаесетиот ден дава првостепената лекарска комисија на Фондот. Истиот временски период се споменува и во други правилници а во овој правилник досега не беше усогласен со законот.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за составот, надлежноста и начинот на работата на лекарските комисии на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 3 -*** *Корекција на договорените надоместоци на јавните здравствени установи врз основа на реализираниот вид и обем во првиот квартал на 2009 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека согласно Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат болничка здравствена заштита и Правилникот за критериумите за склучување на договори и за начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат специјалистичко консултативна здравствена заштита, е направена анализа на реализацијата на средствата на јавните здравствени установи по што се предлага корекција на буџетските плафони на повеќето од нив. Потсети дека надоместокот што се исплаќа на јавните здравствени установи се состои од фиксен и варијабилен дел, а варијабилниот дел зависи од видот и обемот на извршените услуги на осигурениците на Фондот. Предложените корекции на буџетите се извршени токму врз основа на извршените услуги од здравствените установи и во согласност со правилникот. По приемот на фактурите за месец јуни повторно ќе се оцени потребата за нови корекции. Истовремено се предлага и утврдување на буџетот за услуги дадени на осигуреници на Фондот од страна на лабораторијата на МАНУ која доби дозвола за работа од Министерството за здравство. Потоа според анализата на остварувањето на договорениот вид и обем на здравствени услуги во првиот квартал која е работен материјал за оваа точка од дневниот ред, објаснуваше за одделни здравствени установи.*

*Снежана Костадиноска Милошеска забележа дека помал број од јавните здравствени установи фактурирале повеќе од утврдениот буџет. Од друга страна пак, скоро сите болници фактурирале повеќе од буџетот, на пример болниците во Струмица и Прилеп. Праша дали со тоа не се создаваат долгови.*

*Директорот Јелникар одговори дека таму не се работи за потрошени средства туку за само фактурирани услуги и тие немаат директна врска со создавањето на долговите.*

*Снежана Костадиноска Милошеска дополни дека кај сите субјекти кои видливо отстапуваат од останатите, треба да се прават дополнителни и почести контроли.*

*Зоран Крајоски пак укажа дека во отсуство на медицина базирана на докази се случува и дупло фактурирање. Тоа неможе да се види од самите фактури зашто има пропусти и во самиот ДСГ групер. Фондот има доставено на здравствените установи упатство кои услуги да се фактурираат по ДСГ но тие тоа не го почитуваат. На пример во болницата во Тетово околу 200 услуги биле кодирани по ДСГ иако не требало.*

*На ова, Снежана Костадиноска Милошеска нагласи дека без протоколи и медицинска мапа, ниту еден софтвер не ќе може да спречи создавање на надувани фактури. Затоа е потребно Министерството за здравство да ги дефинира тие услови без чие исполнување залудно Фондот ќе се труди да воспостави ред во фактурирањето на здравствените услуги.*

*Љубиша Каранфиловски се согласи со ова излагање но додаде дека сепак од нешто морало да се почне и дека е нормално што се наидува напроблеми кои треба да се решаваат секојдневно. Потоа праша со колкав дел фактурирањето на услугите влијае на предложените корекции на буџетите на јавните здравствени установи.*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека фактурите го сочинуваат варијабилниот дел од буџетот кој учествува со 20% од вкупниот.*

*Фисник Ибраими потоа го објасни барањето на зголемување на буџетскиот плафон од Клиничката болница Тетово. Наведе дека средствата се потребни заради преминот од статус на општа во клиничка болница поради што се отворени повеќе нови одделенија. Побара за таа намена да се изврши ребаланс и на буџетот на оваа здравствена установа.*

*Ромела Поповиќ Трајкова рече дека постои можност за ваква корекција. Тоа може да се стори со пренесување на средства од поликлиниките на Државниот универзитет во Тетово, за кои беше утврден буџет но не обезбедиле дозвола за работа па средствата не се распределени. Средствата кои беа наменети за нив ќе се пренаменат за Клиничката болница. Тоа се средства во висина од 14 милиони денари. За останатите 2 милиони до бараните 16, ќе се разгледа можноста да се обезбедат по ребалансот на државниот буџет.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи***
***за 2008 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Службата за воено здравство - Воена болница - Скопје на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Специјалната болница по физикална медицина и рехабилитација „Дебарски Бањи - Цапа“ - Дебар на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Здравствената установа Природно лекувалиште Негорски Бањи, Гевгелија на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Здравствената установа Катлановска Бања ДОО - Катланово на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

***Одлука***
***за утврдување на висината на вкупниот надоместок кој Фондот ќе го исплати***
***за услуги извршени од Македонската академија на науките и уметностите на осигурените лица на Фондот во 2009 година***

*со кои се извршија предложените измени на буџетските плафони на здравствените установи.*

***ТОЧКА 4 -*** *Барање од Клиничката болница Тетово*

*Ова барање беше разгледано во рамките на точката 3.*

***ТОЧКА 5 -*** *Месечен извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на јавните здравствени установи за месец април 2009 година*

*Ромела Поповиќ Трајкова укажа дека овој извештај е целисходно да се разгледа на денешната седница заедно со анализата на долговите на јавните здравствени установи која е изготвена согласно заклучокот на Управниот одбор од минатата седница. Предложи поради поврзаноста на материјата, извештајот и анализата која е на дневниот ред под точка 6 да се разгледуваат заеднички. Во врска со реализацијата на средствата на Фондот нагласи дека приходната страна може да се окарактеризира како стабилна. Потоа објаснуваше според приложениот извештај заклучувајќи дека најголемо потфрлање на приходите е забележано кај буџетските трансфери. Укажа дека на расходната страна има натфрлање на две места, а нереализација има на неколку места но во помала мерка. Тоа не претставува сериозен проблем.*

*Зголемување од 7% се јавува кај средствата за лекување во странство што не е добро.*

*Во однос на јавните здравствени установи, истакна дека во периодот јануари-април 2009 година остварените приходи се движат во рамките на планираните, со исклучок на приходите од програми од Буџетот на Република Македонија кои се помалку остварени за 73% (254.861 илјади денари) во однос на планот за истиот период. Осврнувајќи се на создавањето на долгови од страна на јавните здравствени установи, истакна дека како причини констатирани со ех анте финансиската контрола и друг вид контроли можат да се наведат:*

*- Зголемени трошоци за работењето (зголемен број на вработени, воведување на двајца менаџери и посебни тимови за секој пооделно, зголемени трошоци за за обезбедување на работни услови за истите, лошо менаџирање кај некои ЈЗУ;*

*- Непочитување и неспроведување на законската регулатива во делот на годишните и финансиските и плански документи и особено во делот на платите, Колективен договор и Спогодбата;*

*- Неправилна наплата на партиципација;*

*- Ненавремени плаќања на долговите кон добавувачите и плаќање на камати по основ на ненавремените плаќања.*

*- Неостварување на планираниот вид и обем на здравствени услуги од една страна, а зголемени трошоци и создавање на долгови од друга страна во јавните здравствени установи,*

*Истакна дека е проблематично контото 426 - тековни расходи.*

*Во врска со тоа, Снежана Костадиноска Милошеска побара да се провери на што се однесуваат трошоците прикажани на тоа конто.*

*Директорот Тренкоски пак изрази сомневање дека таму се прикажани трошоците за исплата на лицата ангажирани со договор за дело.*

*Снежана Костадиноска Милошеска потоа праша дали контролите на Фондот во јавните здравствени установи нашле вработени без согласност од Министерството за финансии. Потоа побара и да се изготви извештај за состојбата со вработувањата во јавните здравствени установи, односно дали тие се целосно во согласност со законот.*

*Потоа Ромела Поповиќ Трајкова се осврнуваше на одделните јавни здравствени установи и карактеристичните состојби кај секоја од нив. Го истакна примерот на Клиниката за анестезија реанимација и интензивно лекување која има големи побарувања од други здравствени установи кои доколку ги наплати нема да има долгови.*

*Борис Јосифовски коментирајќи го извештајот и заклучокот дека најдобра реализација на приходите на Фондот има кај придонесите, истакна дека во извештајот недостига споредба со минатата година. Споредбата би била корисна за да се види какво влијание има новиот начин на пресметување и наплата на придонесите. Според него, тоа што стапката на придонесот е намалена за 20% а вкупниот приход од придонесите е намален за 5% е резултат на зголемувањето на платите во земјата. Во врска со обврските и долговите на јавните здравствени установи укажа дека буџетските потрошувачи не можат да се задолжуваат антиципативно, туку да трошат средства толку колку што имаат. Додаде и дека се додека Фондот се грижи за*

*нивните долгови, тие самите нема да се грижат. Покрај тоа, укажа и дека во услови кога Фондот има тенденција да плаќа по извршени услуги, не треба да не чудат обидите за надувување на фактурите. Преостанува единствено да се посвети внимание на ефикасна контрола.*

*По ова, претседателот ја заклучи расправата по точките 5 и 6, а Управниот одбор едногласно го усвои Месечниот извештај за реализација на средствата од Буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и буџетите на јавните здравствени установи за месец април 2009 година, и Анализата на долговите на јавните здравствени установи за периодот јануари-април 2009 година*

***ТОЧКА 6 -*** *Анализа на долговите на јавните здравствени установи за периодот јануари-април 2009 година*

*Анализата на долговите на јавните здравствени установи за периодот јануари - април 2009 година беше разгледана заедно со точката 5 од дневниот ред.*

***ТОЧКА 7 -*** *Барања од областа на работните односи*

*Во рамките на оваа точка се разгледа жалбата на работникот Веселин Стојчевски од Битола против решението на директорот на Фондот со кое му се дава отказ на договорот за вработување.*

*Постапката и причините поради кои е даден отказот ја објасниjа Слаѓана Пешевска и Лидија Маркузанова.*

*Лидија Маркузанова објасни дека по спроведената постапка и по оценувањето на сите релевантни факти, констатирано е дека работникот во текот на своето работење како Раководител на Подрачна служба - Битола со средствата за работа постапувал несовесно и во врска со работата намерно предизвикал штета на работодавачот, со што направил кршење на работните обврски согласно член 82 став 1 точка 5 од Законот за работни односи и од тие причини се донесе решение со кое е изречена мерка престанок на работен однос.*

*Што се однесува до наводите во Дополнувањето на жалбата во кој жалителот истакнува дека Пресудата на Основен суд Битола К.бр.465/08 од 20.10.2008 година по поднесената жалба се очекува да биде преиначена, се небитни за донесеното решение за престанок на работен однос, бидејќи постапката за давање отказ од работа поради кршење на работната дисциплина и кривичната постапка се две одделни и самостојни постапки.*

*Борис Јосифовски укажа дека предметите чија продажба му се става на товар на Веселин Стојчевски биле расходувани и немале книговодствена вредност. Освен тоа, продажбата е извршена комисиски. Праша дали и за колку е оштетен Фондот со продажбата.*

*Слаѓана Пешевска истакна дека не се работи за висината на штетата туку за фактот што ги надминал овластувањата спроведувајќи постапка што не смеел да ја спроведе.*

*По ова, претседателот побара членовите на Управниот одбор да се изјаснат по жалбата на Веселин Стојчевски.*

*Борис Јосифовски гласаше за прифаќање на жалбата а останатите членови на Управниот одбор гласаа за нејзино одбивање. На тој начин, Управниот одбор со мнозинство гласови донесе*

***Одлука***

*со која се одбива жалбата на Веселин Стојчевски и се потврдува решението за престанување на работниот однос бр. 04-9060/1 донесено од директорот на Фондот.*

***ТОЧКА 8 -*** *Барање од Македонски Авиотранспорт за одложување на извршувањето*

*Лазар Трајчев објасни дека Македонски Авиотранспорт согласно Законот за мирување и отпишување на обврските за задолжително здравствено осигурување поднеле барање за мирување по што е донесено решение за мирување на долгот. Согласно законот Македонски Авиотранспорт биле должни редовно да го плаќаат придонесот од задолжителното здравствеоно осигурување за предходниот долг да им мирува. Меѓутоа, и покрај превземената обврска истите не го плаќале тековниот придонес поради што Решението за мирување на стариот долг се активира и Подрачната служба на Фондот во Скопје поднела барање за извршување на целиот долг во висина на 6.793.051 денари. Досега од сметката на Македонски авиотранспорт се извршени 997.814 денари и во овој момент остануваат 5.795.237 денари за наплата.*

*Љубиша Каранфиловски праша за што се планирани средствата од извршување на судските одлуки во предметите каде Фондот тужи за неплатен придонес. Дали ако не се наплатат ќе се остане без претходно планирани средства. Праша и дали постои ризик за Фондот ако извршувањето се одложи и дали постои друг начин Фондот да го наплати долгот а истовремено да се излезе во пресрет на барањето на Македонски Авиотранспорт.*

*Фисник Ибраими укажа дека ако Македонски Авиотранспорт не може да ги плаќа своите обврски можно е да биде отворена стечајна постапка над него. Прашање е колку во таков случај би се намирил Фондот. Додаде и дека скопскиот аеродром има поголеми побарувања кон Македонски Авиотранспорт но не ја блокира неговата сметка сметајќи дека доколку Македонски Авиотранспорт работи, поголеми се можностите за наплата.*

*Лазар Трајчев укажа дека во случај на повлекување на извршувањето голема опасност преставува можноста да се намират други доверители кои во овој момент немаат извршна исправа и не започнале постапка за извршување и во случај на понатамошно отварање на стечајна постапка над должникот, Фондот би можел да биде значително оштетен и да неможе во целост да го намири своето побарување. Во ваков случај целата одговорност ќе падне на Управниот одбор.*

*Горан Коевски пак укажа дека одложувањето на извршувањето носи ризик. Не можеме да знаеме дали навистина Македонски Авиотранспорт ќе има успешна*

*сезона во текот на летото како што се наведува во барањето, па ќе ги плати обврските кон Фондот. Сега, со поднесеното барање за извршување сме први во редот за намирување, пред другите доверители. Единствено можно решение со кое ќе се деблокира сметката на Македонски Авиотранспорт е доколку истите доставaт банкарска гаранција со која ќе се гарантира намирување на средствата на Фондот и во таков случај може да се повлече извршувањето.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи да се одбие барањето на Македонски Авиотранспорт за одложување на извршувањето доколку не приложи банкарска гаранција за плаќањето.*

***ТОЧКА 9 -*** *Барања на договор и буџети од приватни здравствени установи со болничка дејност*

*Ромела Поповиќ Трајкова ги запозна членовите на Управниот одбор дека до Фондот се упатени поголем број на барања од приватни здравствени установи со болничка дејност со барање за склучување на договор со Фондот и утврдување на буџет. Такви барања има и од специјалистички здравствени установи од различни области. Освен за МАНУ за која предложивме утврдување на буџет за услуги дадени на осигуреници на Фондот од страна на нивната лабораторија, за останатите барања не можеме да дадеме мислење пред ребалансот на државниот буџет.*

*Борис Јосифовски истакна дека проблематиката на услугите од специјалистичките здравствени установи е мошне сложена. Ако сакаме повисок квалитет на здравствени услуги, потребно е пред се да се обезбеди конкуренција. За тоа пак е потребно да се утврдат цени на стандардни услуги со истовремено давање можност на оние осигуреници кои сакаат повисоко ниво на услуга да доплатат за нејзино добивање. Постојат области во кои одредени здравствени установи имаат монополска положба. За тие области е потребна и државна стратегија за обезбедување на оптимално ниво на услуга и цена.*

*Љубиша Кранфиловски дополни дека здрава основа за тоа е воведувањето на стандардизација и акредитација на болниците, нешто што сеуште го немаме.*

*По ова, Управниот одбор едногласно го усвои мислењето на стручната служба на Фондот за барањата на договори буџети од специјалистичките здравствени установи.*

***ТОЧКА 10 -*** *Овластување на подрачните служби за водење на постапки за наплата на неплатен придонес за здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев ги информираше членовите на Управниот одбор за текот на досега поведените судски постапки по основ на неплатен придонес од задолжителното здравствено осигурување, нивниот број, бројот на правосилно завршени постапки и проблемите кои се појавуваат, согласно информациите добиени од страна на адвокатите на Фондот. Во врска со проблемот со судските такси информираше дека со Измените на законот за здравствено осигурување и со Автентичното толкување на Законот конечно овој проблем е целосно решен. Исто така информираше за динамиката на пристигнување и бројот на нови записници од страна на Подрачните служби за кои се уште не се поведени постапки како и за планот за нивно поведување и завршување. Како*

*проблем ги посочи записниците доставени од страна на Подрачните служби со помали износи кои во моментот се вкупно 751 со висина на долгот под 20.000 денари. Со оглед на досегашното искуство, а со цел да не се прават трошоци за помали износи, предложи да се овластат Подрачните служби на Фондот во иднина сами да ги поведуваат и да ги водат овие постапки.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која се задолжуваат и овластуваат подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да поведат и да водат постапки за наплата на долгови по основ на неплатен придонес за задолжителното здравствено осигурување против обврзниците кои долгуваат помалку од 20.000 денари, а за кои се уште не е поведена судска постапка.*

***ТОЧКА 11 -*** *Здравствени установи кои го промениле седиштето*

*Лазар Трајчев објасни дека во случаите кога здравствена установа од примарната здравствена заштита го менува седиштето или просториите во кои ја врши дејноста, Фондот колективно ги одјавува осигурените лица кои имале избран лекар во таа здравствена установа. Ова се прави со цел осигурените лица да не се принудуваат да патуваат на поголеми растојанија кај својот избран лекар и да можат да изберат друг лекар, здравствена установа која повеќе им одговара. Меѓутоа, се покажа дека често има случаи кога здравствената установа го менува седиштето или просториите во кои ја врши дејноста на локација што е во непосредна близина на првичната. Во такви случаи не би било целисходно да се врши одјава на сите пациенти кои избрале лекар во таа здравствена установа. Се обидувавме да утврдиме одредена оддалеченост до која не би се вршело одјавување но се покажа дека тоа е тешко да се утврди односно мери. Поради тоа, предлагаме да се дозволи промена на седиштето или просториите во кои се врши дејноста во рамките на истото населено место.*

*Горан Коевски предложи да се дозволи промена на седиштето или просториите во кои се врши дејноста во рамките на истата општина.*

*Останатите членови на Управниот одбор го прифатија овој предлог, по што Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која одлучи Фондот за здравствено осигурување на Македонија да не врши колективна одјава на осигурениците од избраниот лекар во случаите кога здравствената установа извршила промена на адресата на која ја врши дејноста или на седиштето во рамките на истата општина.*

***ТОЧКА 12 -*** *Разно*

*12.1 Барање од ЈЗУ Здравствен дом Радовиш за користење на возило „Застава Југо Скала 55“, сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Лазар Трајчев објасни дека од Здравствениот дом од Радовиш е пристигнато известување во кое се наведува дека во нивната гаража повеќе од десет години се наоѓа возило Застава Југо Скала 55 сопственост на Фондот. Возилото за сето време не е користено а зафаќа простор во гаражата кој и е потребен на здравствената установа. Бараат да биде дислоцирано како би можела да се користи гаражата или да им се даде на користење за домашни посети.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***

*со која одлучи возилото Застава Југо Скала 55, сопственост на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, да се даде на користење на ЈЗУ Здравствен дом Радовиш а на барање на Фондот истото да биде вратено во негово владение.*

*12.2 Барање од Друштвото за занаетчиски работи во градежништвото „Занаетчиски погон I“ во стечај*

*По оваа точка објаснување даде Христо Трповски. Наведе дека над барателот Занаетчиски погон I АДГ Пелагонија ДООЕЛ - Скопје од 11.11.2005 година е отворена стечајна постапка. Фондот за здравствено осигурување во постапката по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување за вработените во Занаетчиски погон I има утврдено побарување од 4.354.561 денари. Со тоа Фондот е втор најголем доверител по Управата за јавни приходи која има утвдено побарување во висина од 27.432.566 денари. Откако се впаричени движните предмети што влегоа во стечајната маса, за впаричување остана уште недвижниот имот кој се состои од повеќе деловни простории, придружни магацински објекти, електроработилница, менза, плинарница, фарбарница, котларница како и опремата во нив. Сето тоа има значителна вредност, а досега овој имот не е впаричен зашто за него АД Пелагонија поведе судска постапка за утврдување на излачно право, отако стечајниот управник барањето го оспори во стечајната постапка. Судската постапка е во завршна фаза и со голема сигурност може да се каже дека ќе заврши во корист на Занаетчиски погон I. Барањето на средства од стечајниот должник е заради зачувување на средствата кои по завршувањето на судската постапка ќе може да се впаричат и од добиените средства да се намират доверителите. Истовремено, зачувувањето на стечајната маса е законска обврска за стечајниот управник и за одборот на доверители. Бидејќи до впаричувањето на имотот за кој се води постапката нема можност да се обезбедат средства од други извори, одборот на доверители одлучи средства да се побараат од доверителите кои се застапени во одборот а кои се и меѓу поголемите доверители на стечајниот должник. Износот кој треба да го плаќа Фондот за чување на имотот е 3.334 денари месечно, а рефундација на средствата што ќе бидат платени ќе се изврши веднаш по првото впаричување на средства.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да се плати бараниот износ за обезбедување на имотот на стечајниот должник доколку и Управата за приходи која е најголем доверител го плаќа својот утврден дел.*

*12.3 Барање од Општина Бутел за утврдување на селото Љубанци како оддалечено рурално место*

*Директорот Тренкоски објасни дека е пристигнато барање од Општината Бутел, населеното место Љубанци да биде прогласено за оддалечено рурално место. Со тоа би се создале стимулативни услови за отворање на амбуланта во ова село кое е со поголем број на жители.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на оддалечени рурарни места***

*со која населеното место Љубанци е утврдено како оддалечено рурално место.*

*12.4 Овозможување на јавните претпријатија чиј долг за неплатен придонес за здравствено осигурување е утврден во извршна исправа, истиот да го платат на рати*

*Директорот Тренкоски објасни дека до Фондот се упатени барања од јавни претпријатија кои имаат долг спрема Фондот утврден во извршна исправа, истиот да го платат на повеќе месечни рати. Истовремено, бидејќи поради нивниот статус на јавни претпријатија неможат да обезбедат банкарска гаранција, предлагаат за плаќањето да гарантира основачот, односно градоначалникот на единицата на локалната самоуправа која ги основала.*

*Љубиша Каранфиловски укажа дека таква одлука за јавните претпријатија Управниот одбор веќе има донесено, на што Лазар Трајчев објасни дека таа одлука се однесува на јавните претпријатија за чиј долг судската постапка е во тек а не и за правосилно завршените постапки.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за овластување на Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со која ги утврди условите под кои Централната служба на Фондот за здравствено осигурување на Македонија може да склучува спогодби за плаќање на рати со јавните претпријатија кои имаат долг за заостанат придонес за задолжително здравствено осигурување утврден во извршна исправа.*

*12.5 Писмо од Лекарската комора на Македонија*

*Писмото од Лекарската комора го објасни Страшо Наумоски. Наведе дека до Лекарската комора се обратиле осум лекари концесионери од ЈЗУ ЗД Железничар Скопје со барање на поддршка за решавање на нивниот проблем. Проблемот се состои во тоа што при концесионирањето на овие лекари пациентите што биле кај нив прикрепени додека биле вработени во ЈЗУ ЗД Железничар се групно одјавени. По ова, пациентите треба поединечно да изберат лекар. Бараат и во нивниот случај, како што тоа било со другите*

*лекари кои се концесионираа во 2007 пациентите директно да се префрлат кај истиот матичен лекар кај кого и претходно биле прикрепени. На тој начин би се обезбедил континуитет во нивната работа.*

*По ова, Лазар Трајчев објасни дека кога се концесионираа лекарите од примарното здравство во другите здравствени установи, правилникот не налагаше одјавување на сите пациенти. Но подоцна кога се концесионираа лекарите во ЈЗУ Железничар, Управниот одбор веќе ги имаше донесено измените кои тоа го налагаат. За да се излезе во пресрет на барањето на Железничар треба да се изврши нова измена на правилникот, но тоа сепак би важело само во иднина а не би можело да се примени на овие лекари.*

*Со тоа дневниот ред беше исцрпен, и Управниот одбор во 16.10 часот заврши со работата на LIV -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Фисник Ибраими***